# ОДЛУКА

за повторно именување на член на Надзорниот одбор на
Стопанска банка АД - Скопје

Скопје, мај 2023 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 438/31.05.2022 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на седницата одржана на 30.05.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
за повторно именување на член на Надзорниот одбор на
Стопанска банка АД - Скопје

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје повторно го именува г-дин Маринис Стратопулос за член на Надзорниот одбор.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од точка 1 е со времетраење од четири години од денот на стапување во сила на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесување а ќе се применува од денот кога кандидатот од точка 1 од оваа Одлука ќе добие согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија за негово повторно именување за член на Надзорниот одбор.

С.О.бр.------
30.05.2023 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во согласност со Законот за банки и Статутот на СБ, членовите на Надзорниот одбор се именуваат од страна на Собранието на акционери на Банката. Мандатот на членовите е утврден на 4 (четири) години.

Со оваа Одлука се предлага Собранието на акционери да го ре-именува г-динот Маринис Стратопулос за трет последователен мандат за член на Надзорниот одбор. Г-динот Стратопулос е именуван за член на Надзорниот одбор во мај 2015 година (добиена согласност од Народна банка на Република Северна Македонија на 21 септември 2015 година) и претседаваше со одборот во изминатиот период.

Неговата биографија е прилог на оваа Одлука.

Имајќи го предвид неговото големо искуство на високо-раководни позиции и неговото одлично познавање на работењето на Стопанска банка АД – Скопје, се предлага г-динот Маринис Стратопулос да биде ре-именуван за член на Надзорниот одбор за уште еден мандат.

Во согласност со Законот за банки, предложеното ре-именување ќе стапи на сила на денот на донесувањето на оваа Одлука и ќе се имплементира по добивањето на соодветната согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Скопје, април 2023 година

**НАДЗОРЕН ОДБОР**